Архивски број: 08-32/5
__________ година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 32/1 од 05.01.2023 година, поднесена од од , со живеалиште на ул. за сторена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги од страна на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.04.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на пристап до добра и услуги, врз основа на личен и општествен статус, имотен статус, социјално потекло, здравствена состојба, етничка припадност и религија или верско уверување од страна на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и министерот за надворешни работи врз подносителот

## Образложение

На 05.01.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 32/1, од страна на подносителот против Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и министерот за надворешни работи за сторена индиректна дискриминација преку воведување на проектот МКарта, во областа на пристап до добра и услуги.

Во претставката се наведува дека со воведувањето на проектот МКарта од страна на Министерството за надворешни работи се дискриминираат стотици илјади граѓани во државата. Подносителот тврди дека на носителите на оваа картичка ќе им се овозможи забрзано преминување на граничните премини. Од друга страна, носителите на овие картички не се носители на дипломатски или високи јавни функции, односно не поседуваат службени или дипломатски патни исправи. Оттука, се наведува дека секое нивно привилегирање претставува дискриминација.

Во однос на изборот на истакнати личности од земјата кои живеат во странство, се тврди дека е нетранспарентен, без јасно дефинирана методологија и со ексклузивно право на вработените во МНР да одлучуваат кој ќе биде носител на оваа картичка.

Како дискриминаторски основи се наведуваат личен или општествен статус, имотен статус и социјално потекло, со тоа што на листата на привилегирани носители на МКарта се наоѓаат лица кои само заради тоа што се богати ќе поминуваат побрзо на граничните премини, како успешни бизнисмени или индивидуи. Наспроти нив, обичните граѓани кои не ги поседуваат овие карактеристики ќе чекаат ред.

Во однос на дискриминаторската основа здравствена состојба, подносителот наведува дека бремените жени, лицата со попреченост, болните и изнемоштените лица исто така ќе чекаат ред и заради нивната здравствена состојба се дискриминирани.

Подносителот тврди дека на листата од 69 носители на МКарта не се нашле бројни научници и интелектуалци, кои се Македонци и православни христијани. Оттука, тврдењата на подносителот дека Министерството за надворешни работи направило и дискриминација врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 11.01.2023 година испрати Известување бр. 08 – 32/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија. Од содржината на претставката и приложената документација Комисијата утврди дека тврдењето за дискриминација е веројатно и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со истиот допис го префрли товарот на докажување врз потенцијалниот дискриминатор.

На 23.02.2023 година до Комисијата стигна поднесок за произнесување по наводите од претставката од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека Министерството, во рамки на законските надлежности и внатрешната организациска поставеност, се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните држави, за положбата на припадниците на заедниците – државјани на Република Северна Македонија во странство, како и положбата на државјаните на РСМ кои привремено или постојано престојуваат во странство и иселениците.

Врз основа на таквата надлежност, имајќи ги предвид заложбите од Стратешкиот план на Министерството за надворешни работи, Националната стратегија и Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019 – 2023 година, Министерството секоја година, преку посебна програма (Иселеништво) во склоп на сопствениот буџет, поддржува и реализира проектни иницијативи во насока на воспоставување мост помеѓу дијаспората и Република Северна Македонија. Преку реализирање на ваквите проекти, Министерството за надворешни работи има за цел да ги анимира и приближи македонските национални малцинства во соседните земји и останатите припадници на дијаспората кон Република Северна Македонија и да воспостави одржлива комуникација и контакт. Во поднесокот за произнесување се наведува дека токму во оваа насока е и проектот МКарта, чие креирање и цел имаат законска основа. Според изнесеното, реализацијата на овој проект наоѓа законска основа во Законот за надворешни работи.

Имено, во **член 71 – е од Законот за надворешни работи е предвидена надлежноста – доделување на признанија и благодарници на лица од Република Македонија**:

*„Министерот може да додели признанија и благодарници како знак за општествено признание на лица од Република Македонија кои не се вработени во Министерството, за нивните заложби, придонес и ангажман на полето на надворешната политика, развивањето и унапредувањето на меѓународната соработка на Република Македонија со други меѓународни субјекти и промовирање на интересите и афирмација на Република Македонија на меѓународен план."*

Во **членот 71 – ж од Законот за надворешни работи е предвидена надлежноста – доделување на признанија и благодарници на странски државјани и институции:**

*„(1) По иницијатива на министерот за надворешни работи и шефови на дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија признанија и благодарници може да се доделат на странски државјани и институции кои имаат дадено посебен придонес за развојот на Република Македонија, промовирање на интересите на Република Македонија, за особени заслуги во развивањето и унапредувањето на меѓународните односи и соработката на Република Македонија со други држави и меѓународни организации, институции и слично, за промовирање на културата и културно - историското наследство, развој на туризмот, економскиот развој на Република Македонија и привлекување на странски инвестиции.*

*(2) Признанијата и благодарниците на странски државјани и институции по правило ги доделува и врачува министерот.*

*(3) Со овластување на министерот, шефот на дипломатско конзуларното претставништво на Република Македонија, исто така може да врачува признанија и благодарници на државјани и институции на земјата или заслужни лица во меѓународната организација во која е акредитиран.*

*(4) Признанијата и благодарниците се врачуваат на пригодна свеченост во рамките на работни билатерални посети и мултилтерални средби и состаноци или други прилики."*

**Надлежноста за доделување на МКарта е предвидена во членот 9 од Правнилникот за начинот на доделување и изгледот односно моделот, видот, материјалот, формата, содржината и естетските детали на признанијата и благодарниците што ги доделува министерот за надворешни работи на лица кои не се вработени во Министерството за надворешни работи:**

*„Министерот, на предлог на шеф на дипломатско – конзуларно претставништво на Република Северна Македонија или на предлог на државен орган, може да додели признание МКарта на припадник на дијаспората од Република Северна Македонија, кој има дадено посебен придонес за подобрување на односите на Република Северна Македонија со дијаспората или државата во која престојува, за подобрување на меѓународниот углед на Република Северна Македонија или е меѓународно познат и признат професионалец во својата струка."*

Во поднесокот за произнесување се наведуа дека во Акцискиот план на Националната стратегија за соработка со дијаспората 2019 – 2023, донесен од Владата во март 2019 година во делот специфична цел 1.2 – Поголема координација на државните институции меѓу себе и со организациите на дијаспората за остварување на проактивен пристап во врска со прашања од заемен интерес, кој цели на зголемени активности на МНР и македонските ДКП, во делот на соработка со дијаспората предидено е доделување на признанија за индивидуалци од дијаспората.

По доставена Информација од МНР, Владата на Република Северна Македонија на Седумдесет и седмата седница одржана на 08.06.2021 година ја усвоила Информацијата за проектот на Министерството за надворешни работи за истакнати припадници на дијаспората – МКарта и го задолжила МНР да го спроведе проектот. Истовремено, Владата ги задолжила Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за здравство и Агенцијата за иселеништво, во рамки надлежностите кои ги поседуваат активно да се вклучат во проектот, на начин што ќе овозможат реализација на бенефициите кои што се предвидени со проектот, како и да дадат континуиран придонес кон проширување и подобрување на бенефициите кои би ги добиле имателите на МКарта.

Во поглед на бенефициите на носителите на МКарта, во поднесокот за произнесување се наведува дека истите се симболични и на ниту еден начин не ги фаворизираат носителите и не ги дискриминираат граѓаните на Република Северна Македонија. Се појаснува дека МКкарта не претставува средство за идентификација со која се поминува на државните граници, ниту основ за стекнување на државјанство или право на престој.

Во однос на наводите од претставката дека со МКарта е направена етничка и религиозна дискриминација, од МНР истакнуваат дека предлозите за носители на МКарта се добиени од ДКП – та на Северна Македонија во странство. Токму дипломатската и конзуларна мрежа има контакти со дијаспората и најдобри сознанија за нивните активности и ангажмани. И покрај тоа што ДКП – та не секогаш имаат сознанија за сите припадници на дијаспората во земјата, сепак листата на истакнати личности во странство планирано е да се зголемува. За таа цел, наведуваат дека проектот ќе се реализира во континуитет и во наредниот период. Планирано е сегашната бројна на носители на МКарта да се надополнува на годишно ниво, врз основа на нови предлози на истакнати лица од нашата дијаспора од страна на дипломатско – конзуларните претставништва или други државни органи. Со единствена цел - да се одржи врската со дијаспората на интерактивен начин, преку кој ќе се стимулираат нашите граѓани надвор од државата да одржуваат врските со матичната земја и да бидат мост со граѓаните и институциите во средината во која живеат.

Со сето образложено, Министерството за надворешни работи ги негира наводите за дискриминација од претставката дека во процесот на добивање и користење на МКарта се врши дискриминација по социјален или економски статус, национална, етничка, здравствена, религиска или било која друга основа.

Заклучно, се истакнува дека преку реализација на проектот МКарта единствено се врши имплементација на законски дозволени овластувања и надлежности, согласно Законот за надворешни работи и подзаконските акти кои потесно ја регулираат оваа материја.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, согласно надлежностите регулирани во членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 10.03.2023 година членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, и вработената во стручната служба на Комисијата, извршија непосреден увид во Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија. Претставниците од Комисијата остварија средба со директорот на Директоратот за економска и јавна дипломатија при МНР – началникот на Одделението за политичка и економска координација на Кабинетот на министерот за надворешни работи – и директорот на Директоратот за организациски работи при МНР – .

Излагањето на претставниците на МНР беше осврнато на случувања кои ја поттикнале идејата за проектот МКарта, целта на проектот, методологијата на избор на носители на МКарта, надлежноста на МНР и актите од кои извира надлежноста, активностите на институциите во однос на дијаспората и потесната надлежност на Секторот за дијаспора.

Од страна на претставниците на МНР, најпрво беше направена временска ретроспектива на случувањата кои ја поттикнале идејата за проектот МКарта. Зародиш идејата за МКарта потекнала од Дијаспорска конференција, која првично се однесувала на истакнати доктори, за потоа да се прошири по одделни професии.

Моментално МКарта е пилот - проект на МНР, за кој потесно надлежен е Секторот за дијаспора при МНР. Претставниците на МНР сеопфатно ги образложија целите на проектот:

- Мапирање на дијаспората, особено истакнатите професионалци во различни сфери на занимања;
- Анимирање на дијаспората, со цел: привлекување на туризам, странски инвестиции и враќање на иселениците;
- Унапредување на соработката со дијаспората;
- Искористување на капацитетите на дијаспората.

Потенциран беше фактот дека за остварување на надлежностите поврзани со дијаспората располагаат со доста рестриктивен буџет. Оттука, проектот МКарта за носителите не предвидува материјални повластици, туку исклучиво симболични бенифиции. Првично било предвидено на носителите на МКарта да им се обезбеди отворен пристап (без надомест) во музеите и националните куќи, за потоа да се роди идејата за повластен влез на аеродромите. Имено, носителите на МКарта имаат повластен влез единствено на двата аеродроми во државата, но не и на патните гранични премини. За нив не е креиран посебен влез, туку ја користат дипломатската лента, која меѓудругото во одредени услови се користи и за останатите патници, особено лица со попреченост и бремени жени. Особено беше појаснето дека документот – МКарта во никој случај не е замена и не претставува дипломатски документ или пасош. Моменталната бројка на носители на МКарта изнесува 69, а стратешки се планира оваа бројка во иднина да расте.

Во однос на методологијата за избор на носители на МКарта беше појаснето следното:

- Потенцијалните или заинтересирани носители на МКарта од дијаспората, кои се истакнати во одредена област, имаат можност самите да се пријават во здруженијата/ клубовите за дијаспора во странски држави;
- Здруженијата / клубовите од дијаспората ги предлагаат овие лица до дипломатско - конзуларни претставништва на Република Северна Македонија во странство;
- Предлозите од дипломатско – конзуларните претставништва на Северна Македонија се праќаат до Министерството за надворешни работи;
- Во Министерството за надворешни работи – Секторот за дијаспора се врши процес на селекција на биографии според успешност и оценка на потенцијален придонес за државата, при што се применува принципот на правична застапеност;
- Селектираните носители ги одобрува министерот за надворешни работи.

Во продолжение беа образложени надлежностите на Министерството за надворешни работи во однос на дијаспората и актите од кои извираат тие надлежности. За таа цел, на увидот беа обезбедени следните документи:

- Првнични консултации;
- Предлог акциски план за активности на МНР поврзани со дијаспората;
- Компаративна анализа (Полска и Турција);
- Претставување на проектот;
- Комуникација со други институции;
- Информација до Влада на РСМ за проектот на Министерството за надворешни работи за истакнати припадници на дијаспората – МКарта;
- Инструкција до ДКП – та;
- Пристигнати предлози – припадници на дијаспората за доделување на МКарта;
- Предлози кои не се прифатени;
- Предлози од ДКП – та;
- Предлози од Секторот за дијаспора;
- Законот за надворешни работи;
- Правилник за начинот на доделување и изгледот односно моделот, видот, материјалот, формата, содржината и естетските детали на признанијата и благодарниците што ги доделува министерот за надворешни работи на лица кои не се вработени во Министерството за надворешни работи и
- Акциски план на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019 – 2023 година.

Со приложената документација и информациите добиени при непосредниот увид, Комисијата констатираше дека Министерството за надворешни работи го докажа спротивното од тврдењата изнесени во претставката, односно дека проектот МКарта не продуцира дискриминација врз основа на дискриминаторските основи од претставката кон македонските граѓани. Тоа од причина што:

Од анализата на приложените докази, неспорна е надлежноста на Министерството за надворешни работи за унапредување на соработката со дијаспората, како и во таа насока – мапирање на лицата кои даваат особен придонес за промоција на државата во странство и доделување на посебни признанија на истите.

Имено, генералната надлежност во вршење на надвроешните работи од оваа област на Министерството е содржана во **член 8, став 1, точки 5, 10, 11, 12 и 19 од Законот за надворешни работи:**

*- ги заштитува интересите, правата и имотот на државата и на нејзините државјани и правни лица во странство;*[1]
*- се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседството;*[2]
*- се грижи за положбата и човековите права на припадниците на заедниците, државјани на Република Македонија во странство;*[3]
*- се грижи за положбата и човековите права на државјаните на Република Македонија кои привремено или постојано престојуваат во странство, како и за иселениците*[4] *и*
*- комуницира со и ја координира соработката со странските дипломатско-конзуларни претставништва и со мисиите на меѓународните организации во Република Македонија;*[5]

Всушност, овие надлежности се во согласност и воедно разработка на уставната определба од **член 49 од Уставот на Република Северна Македонија:**

*„Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги* ***унапредува врските со нив.***
*Републиката се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Републиката во странство."*

За таа цел од Министерството за надворешни работи првично е изработен Предлог - Акциски план за активности на МНР поврзани со дијаспората, каде се предвидени активности на краток и долг рок. Во однос на активностите, од оваа перспектива поврзани со МКарта изработена е компаративна анализа за односот на држави со значајна дијаспора кон неа, како и правната основа на која се заснова таа поддршка. Во таа смисла доставени се податоци за слични проекти како што се Pole's Card (Полска карта) - Полска и Mavi Kart

---

[1] Член 8, став 1, точка 5 од Закон за надворешни работи (Службен В. на Р.М. бр: 46/2006 и измени на Сл. В. на Р.М.: 140/2007; 107/2008; 131/2008; 26/2013; 39/2014; 61/2015; 226/2015)
[2] Член 8, став 1, точка 10 од Закон за надворешни работи (Службен В. на Р.М. бр: 46/2006 и измени на Сл. В. на Р.М.: 140/2007; 107/2008; 131/2008; 26/2013; 39/2014; 61/2015; 226/2015)
[3] Член 8, став 1, точка 11 од Закон за надворешни работи (Службен В. на Р.М. бр: 46/2006 и измени на Сл. В. на Р.М.: 140/2007; 107/2008; 131/2008; 26/2013; 39/2014; 61/2015; 226/2015)
[4] Член 8, став 1, точка 12 од Закон за надворешни работи (Службен В. на Р.М. бр: 46/2006 и измени на Сл. В. на Р.М.: 140/2007; 107/2008; 131/2008; 26/2013; 39/2014; 61/2015; 226/2015)
[5] Член 8, став 1, точка 19 од Закон за надворешни работи (Службен В. на Р.М. бр: 46/2006 и измени на Сл. В. на Р.М.: 140/2007; 107/2008; 131/2008; 26/2013; 39/2014; 61/2015; 226/2015)

(Сина карта) – Турција. Оттука, замислата за МКарта, чиј правен основ би бил Закон за дијаспора, во кој би се предвидела посебна глава за регулирање на сите специфичности и особености на МКарта. Во меѓувреме, до донесување на Законот за дијаспора, МКарта е предвиден како пилот – проект, чија основа е надлежноста на МНР за доделување на признанија, согласно членовите 71 – е и 71 – ж од Законот за надворешни работи. Во однос на првично предвидените права на имателите на МКарта (со евентуално донесување на Закон за дијаспора), со пилот – проектот МКарта истите се дедуцирани и се однесуваат на:

- Помош на ДКП во ситуација на опасност по живот или безбедност, во рамките на неговите надлежности, со примена и почитување на царинското и меѓународното право;
- Ослободување од конзуларни такси за: издавање на патен лист и прифаќање и подготовка на апликација за давање на македонско државјанство;
- Приоритет при аплицирање за финансиска помош наменета за поддршка на македонската дијаспора и
- Преку Министерството за култура: бесплатен влез во избраните државни музеи и одбрани институции од областа на културата.

Доделувањето на признанија за индивидуалци од дијаспората, односно признанија за посебни заслуги, како активност на Кабинетот на министерот задолжен за дијаспора е предвидена во Акцискиот план на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019 – 2023 година[6]. Истото е предвидено да се спроведува континуирано, како и дека нема финансиски импликации.

Понатаму, од страна на Министерството за надворешни работи е донесен Правилник за начинот на доделување и изгледот, односно моделот, видот, материјалот, формата, содржината и естетските детали на признанијата и благодарниците што ги доделува министерот за надворешни работи на лица кои не се вработени во Министерството за надворешни работи. Во делот „Видови признанија“ се предвидува признанијата кои ги доделува министерот да бидат во вид на Специјално признание, признание „29 Април“ и признание МКарта. Конкретно, **членот 9 од Правилникот се однесува на Признанието МКарта:**

*„Министерот, на предлог на шеф на дипломатско – конзуларно претставништво на Република Северна Македонија или на предлог на државен орган, може да додели признание МКарта на припадник на дијаспората од Република Северна Македонија, кој има дадено посебен придонес за подобрување на односите на Република Северна Македонија со дијаспората или државата во која престојува, за подобрување на меѓународниот углед на Република Северна Македонија или меѓународно познат и признат професионалец во својата струка.*

*Формата, моделот изгледот, содржината и естетските детали на признанието МКарта од став 1 на овој член се дадени во Прилог 3 и 3а, кој е составен дел од овој Правилник.*

[6] Достапно на https://diaspora.gov.mk/?q=mk/node/139

*МКарта важи 4 години, со можност за продолжување, во постапка предвидена во став 1 на овој член."*

Од тука произлегува дека предвидувањето на МКарта има легитимна основа, бидејќи истата наоѓа соодветно предвидување во следниве акти: Закон за надворешни работи, Правилник за начинот на доделување и изгледот, односно моделот, видот, материјалот, формата, содржината и естетските детали на признанијата и благодарниците што ги доделува министерот за надворешни работи на лица кои не се вработени во Министерството за надворешни работи, кои пак се во согласност со Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019 – 2023 година, како и Акцискиот план на Националната стратегија.

Во однос на целта на самиот проект МКарта, а согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„**Легитимна и објективно оправдана цел** е целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат."*[7]

Произлегува дека имплементирањето на проектот е во насока на остварување на однапред дефинираните цели на државата во односот со дијаспората, а пак надлежноста за нивно реализирање е на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија. Во таа смисла, се цени дека главната цел е унапредување на врската со дијаспората на Република Северна Македонија, како и зголемување на агилноста на таквата врска и тоа преку мапирање на индивидуи од различни сфери на занимање, кои со својата експертиза и професионално достигнување ја промовираат државата во странство. Понатаму, целта е преку детектирање на лицата, нивните капацитети како дел од македонската дијаспора да се стават во функција на развој на државата. Доколку главната цел понатаму се расчлени, анимирањето на дијаспората преку овој проект има за цел: враќање на иселениците, привлекување на туризам и странски инвестиции, унапредување на соработката меѓу Северна Македонија и државите на полето на науката, културата и претприемништвото. Од овде произлегува дека проектот нема за цел да продуцира нееднаков третман помеѓу носителите на МКарта и граѓаните на Република Северна Македонија со живеалиште во државата при преминувањето на националните аеродроми.

Средствата, односно мерките за остварување на наведените цели се повеќе од симболична природа и не изискуваат финансиски импликации, со исклучок на изработувањето на признанението МКарта, кое е на товар на Министерството за надворешни работи и предвидените поволности во областа на културата, кои се реализираат преку Министерството за култура. Се земаат предвид околностите дека МКарта не претставува замена за лична карта или воопшто документ со кој може да се преминува државната граница. Поволноста во однос на забрзано преминување на државната граница е

[7] Член 4, став 1, точка 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен В. на Р.М. бр: 258/2020)

предвидена исклучиво за двата национални аеродроми во Северна Македонија, преку координација на надлежното министерство со Министерството за внатрешни работи. Ваквата поволност предвидува носителите на МКарта да можат да ги користат постоечките брзи траки кои се наменети за носителите на дипломатски пасоши. Иако оваа мерка ги опфаќа само носителите на МКарта и им овозможува поповолен третман при преминување на аеродромите, во однос на останатите патници кои се граѓани на Република Северна Македонија, истата не предизвикува финансиски трошоци и соодвестува со реалните потреби на државата да ја придобие дијаспората и vice versa.

При носење на мислењето, особено се земаа предвид воспоставената методологија и условите за избор на носители на МКарта, кои се однапред дефинирани. За таа цел Комисијата направи увид во документација, меѓу која: пристигнати предлози за носители на МКарта од ДКП – та, заедно со нивни биографии, предлозите кои што се прифатени од МНР и пријавите, односно предлозите кои се одбиени од МНР. Оттука можеше да се увиди дека кон пријавите за носители на МКарта се приложуваат и биографии, каде се наведени успесите и достигнувањата на потенцијалниот носител на МКарта во одредена област. Во однос на правичната застапеност, од листата се увиде дека има различна етничка и родова застапеност, се работи за различни професии, како и достигнувања и придонеси од различни сфери на занимања. Во однос пак на религија или верско уверување, од страна на МНР беше напоменато дека таков податок не се бара во самата пријава, од причина што тоа е лично чувство на лицето. Истото не претставува релевантен податок за добивање на МКарта и од таа причина МНР не ги поседува тие информации.

Комисијата констатира дека сето изнесено претставува основа за оправдан различен третман на носителите на МКарта и има легитимна и објективно оправдана цел. Различниот третман кон носителите на МКарта не е произволен и заснован на дискриминаторски основи, туку произлегува од утврдена методологија и услови за избор на носители на МКарта, а целиот процес е во согласност со дефинирани надлежности на Министерството за надворешни работи.

Оттука произлегува дека проектот МКарта не произведува **дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Ниту **индиректна дискриминација од член 8, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна*

*положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни."*

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи дека во конкретниот случај не се утврдува дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, врз било која дискриминаторска основа од страна на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија врз подносителот

Дополнително, од утврдената фактичка состојба, произлегува дека проектот МКарта не продуцира дискриминација врз било која дискриминаторска основа кон граѓаните резиденти на Република Северна Македонија, ниту пак врз иселениците кои во моментов не се носители на МКарта.

НАПОМЕНА: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради сеопфатноста на постапката, преземените дејствија во текот на постапката и обемноста на обезбедената документација, го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Скопје,
11.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

-
- Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија со адреса на ул. „Филип Втори Македонски" бр. 7, 1000 Скопје